Врз основа на член 86 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.11.2017 година, издаде

ЛИЦЕНЦА
за приредување на игри на среќа во автомат клуб

1. На Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Маршал Тито“ бр.1 во Тетово за период од шест години.

2. Во автомат клубот Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје ќе постави 52 автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник и 1 автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници (електронски рулет).

3. Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

4. Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

5. Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 39.375 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на лиценцата и

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на лиценцата.

6. Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 39.375 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

7. Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

8. Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 53.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

9. Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

10. Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа.

11. Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита да плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство.

12. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

Образложение

Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-10348/1 од 13.10.2017 година и дополнувања на барање бр.13-10348/2 од 16.10.2017 година и бр.13-10348/3 од 24.10.2017 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

-тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија бр.0805-50/150120170062234 од 10.10.2017 година заверена кај нотар Снежана Бубевска од Скопје под број УЗП 5766/17 од 12.10.2017 година;

- решение за упис Трег. 3251/05 од 24.05.2005 година издадено од Основен Суд Скопје 1 Скопје, изјава за основање на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје донесена на ден 12.05.2005 година, одлука за измена на Актот на основање на Друштвото МАСТЕРБЕТ ДООЕЛ Скопје од 10.05.2008 година, одлука за зголемување на основната главнина на друштвото од 04.08.2010 година, изјава за основање на друштвото со ограничена одговорност од 26.05.2011 година и анекс за изјавата за основање на друштвото со ограничена одговорност од 27.05.2011 година;

- правила за играта на среќа на автомати за игри на среќа донесени од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје;

-извештај за состојба на сметка издаден под бр.20.2622/4234 од 13.10.2017 година од Стопанска банка АД Скопје;

-потврда бр.20.2622/4235 од 13.10.2017 година издадена од Стопанска банка АД Скопје;

-информација за економско-финансиската состојба на субјектот бр.0905-22/486 од 27.09.2017 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0817-19/2865-1 од 26.09.2017 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0817-19/2865-1 од 26.09.2017 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120170058866 од 26.09.2017 година дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120170058869 од 26.09.2017 година дека на трговското друштво

не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност издадена од Централниот Регистар на Република Македонија;

Извештај за извршена проценка на набавната вредност на опрема- основни средства кои се вложени како основачки влог во Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје изготвен на 27.09.2012 година од проценител Дипл. Екк. Горан Марковски, царинска декларација S-22244 од 29.08.2005 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5812/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-26235 од 06.10.2005 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП 5839/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-26234 од 06.10.2005 година заврена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5841/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-34172 од 22.12.2005 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5843/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-4619 од 08.03.2006 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5844/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-13399 од 18.04.2006 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5845/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-35836 од 27.11.2006 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5846/17 од 16.10.2017 година, царинска декларија S- 694 од 09.02.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5852/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-13825 од 30.03.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5851/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-22854 од 28.06.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под УЗП5849/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-24479 од 06.07.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5848/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-28540 од 10.08.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5850/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-43605 од 11.09.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под УЗП 5847/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-36428 од 03.10.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска по врој УЗП5853/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-51623 од 22.10.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5854/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-46764 од 13.12.2008 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5856/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-4258 од 11.02.2009 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5857/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-35733 од 29.09.2008 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5855/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-31158 од 08.09.2009 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5858/17 од 16.10.2017 година, фактура број 0129/10 од 31.08.2010 година издадена од ХТЛ Македонија ДООЕЛ заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5840/17 од 16.10.2017 година, извештај за наплата од странство-образец 743 од 11.05.2005 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје заверен кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5768/17 од 12.10.2017 година, одлука за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансиските извештаи за 2007 година издадена на 05.05.2008 година од компанијата Мондеа Инвестментс С.А.Луксембург и извештај за наплата од странство-образец број 743

од 14.09.2010 година издаден од Извозна и кредитна банка АД Скопје заверен кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП 3901/10 од 16.09.2010 година;

- Програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам бр.244-02 од 23.03.2015 година донесена од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје и мислење по доставената програма бр.13-1/41(15) од 31.03.2015 година издадено од Управата за финансиско разузнавање;

-Извод од денарска сметка број 196 од 12.10.2017 година, издаден од Стопанска банка АД Скопје,

- записник бр.2618/01170-2571/1 од 29.09.2017 година и решение бр.2618/01170-2571/2 од 29.09.2017 година издадени од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-уверение за платени даноци и придонеси бр.26-110/6122/2 од 28.09.2017 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-потврда број 05-064616/17-0002 од 04.10.2017 година издадена од Царинската управа на Република Македонија;

- 53 уверенија за техничка исправност на автоматите издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „ТИКСОН ГРУП" ДООЕЛ Скопје и

-уплатница ПП 50 за платена административна такса во износ од 600,00 денари.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб има уплатено основна главнина во износ од 4.180.000,00 евра видно од тековната состојба бр.0805-50/150120170062234 од 10.10.2017 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето видно од доставениот извештај за состојба на сметка издаден под бр.20.2622/4234 од 13.10.2017 година од Стопанска банка АД Скопје;

Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесување на барањето видно од потврдата бр.20.2622/4235 од 13.10.2017 година издадена од Стопанска банка АД Скопје;

Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје достави информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија бр.0905-22/486 од 27.09.2017 година, со која врз основа на годишната сметка за 2016 година, споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност, видно од потврдите од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица

бр.0817-19/2865-1 од 26.09.2017 година, бр.0817-19/2865-1 од 26.09.2017 година, бр.0808-50/150120170058866 од 26.09.2017 година и бр.0808-50/150120170058869 од 26.09.2017 година издадени од Централниот регистар на Република Македонија;

Од доставениот извештај за извршена проценка на набавната вредност на опрема- основни средства кои се вложени како основачки влог во Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје изготвен на 27.09.2012 година од проценител Дипл. Екк. Горан Марковски, царинска декларација S-22244 од 29.08.2005 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5812/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-26235 од 06.10.2005 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП 5839/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-26234 од 06.10.2005 година заврена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5841/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-34172 од 22.12.2005 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5843/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-4619 од 08.03.2006 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5844/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-13399 од 18.04.2006 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5845/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-35836 од 27.11.2006 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5846/17 од 16.10.2017 година, царинска декларија S- 694 од 09.02.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5852/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-13825 од 30.03.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5851/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-22854 од 28.06.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под УЗП5849/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-24479 од 06.07.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5848/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-28540 од 10.08.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5850/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-43605 од 11.09.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под УЗП 5847/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-36428 од 03.10.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска по врој УЗП5853/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-51623 од 22.10.2007 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5854/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-46764 од 13.12.2008 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5856/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-4258 од 11.02.2009 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5857/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-35733 од 29.09.2008 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5855/17 од 16.10.2017 година, царинска декларација S-31158 од 08.09.2009 година заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5858/17 од 16.10.2017 година, фактура број 0129/10 од 31.08.2010 година издадена од ХТЛ Македонија ДООЕЛ заверена кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5840/17 од 16.10.2017 година се утврди дека средствата кои се внесени како основна главнина во друштвото во износ од 2.300.000,00 евра во денарска противвредност се состојат од влог во предмети, односно вложени се 15 електронски рулети Alfastreet R8-vers. Astramaster-X кои се проценети во вкупен износ од 600.000,00 евра во денарска противвредност, 50 слот машини BL-205 кои се проценети во вкупен износ од 250.000,00 евра во денарска

противвредност, 7 автомати за игри на среќа Classic Blend 2000 Series вкупен износ од 9.800,00 евра во денарска противвредност, 5 видео слот машини BL-205MS во вкупен износ од 17.200,00 евра во денарска противвредност, 25 видео слот машини AX-SL1 1M 07B во вкупен износ од 42.000,00 евра во денарска противвредност, 2 електронски рулети Alfastreet R8 во вкупна вредност од 66.400,00 евра во денарска противвредност, 12 видео слот машини AX-SL1 1M 07B во вкупен износ од 87.500,00 евра во денарска противвредност, 1 апарат за игри на среќа Table Top Alfastreet во вкупен износ од 4.200,00 евра во денарска противвредност, 13 видео слот машини AX-SL1 1M 07B во износ од 45.500,00 евра во денарска противвредност, 3 електронски рулети Alfasreet во вкупна вредност од 90.000,00 евра во денарска противвредност, 1 електронски рулет R8 Multi Player Alfastreet Novomatic во вкупен износ 57.956,00 евра во денарска противвредност, 4 електронски рулети Alfastreet Multi Player R8TS во вкупен износ од 210.000,00 евра во денарска противвредност, 1 апарат за игри на среќа Novo Multi Poker Rio Palisander во вкупен износ од 44.200,00 евра во денарска противвредност и 181 апарат за игри на среќа Multi Games во вкупен износ од 775.244,00 евра во денарска противвредност.

Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје ја одржува уплатената основна главнина видно од информацијата за економско-финансиската состојба за 2016 година, издадена од Централниот регистар на Република Македонија.

Од доставениот извештај за наплата од странство-образец 743 од 11.05.2005 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје заверен кај нотар Снежана Бубевска под број УЗП5768/17 од 12.10.2017 година се утврди дека паричниот влог во износ од 300.000,00 евра во денарска противвредност е од уплата на основачки од ГЛ&А Холдинг Гмбх од Виена, Австрија.

Од доставената одлука за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансиските извештаи за 2007 година донесена на 05.05.2008 година од компанијата Мондеа Инвестментс С.А.Луксембург, како тогашен сопственик на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје се утврди дека износот од 17.132.142,00 денари (280.000,00 евра), односно нараспределената нето-добивка на компанијата Мондеа Инвестмент С.А.Луксембург за 2007 година е уплатена за зголемување на основната главнина на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје.

Од доставениот извештај за наплата од странство-образец број 743 од 14.09.2010 година издаден од Извозна и кредитна банка АД Скопје, се утврди дека износот од 1.300.000,00 евра во денарска противвредност е од уплата на основачки влог и купување на акции или удели во прва емисија од страна на Аустриан Гаминг Индустриес ГмбХ Гумполдскирхен од Австрија, како тогашен сопственик на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје.

Од доставеното мислење бр.13-1/41(15) од 31.03.2015 година издадено од Управата за финансиско разузнавање по Програмата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам бр.244-02 од 23.03.2015 година донесена од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје, се утврди дека Управата за финансиско разузнавање ја прифаќа Програмата.

Од изводот од денарска сметка за 12.10.2017 година, извод број 196 од Стопанска банка АД Скопје, се утврди дека дневниот промет што друштвото го има остварено од приредување на игри на среќа во автомат клуб е доволен за плаќање на надоместокот за добивање на лиценцата.

Од доставениот записник бр.2618/01170-2571/1 од 29.09.2017 година и решение бр.2618/01170-2571/2 од 29.09.2017 година издадени од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје се утврди дека деловната просторија на ул.„Маршал Тито“ бр.1 во Тетово ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Од уверението за платени даноци и придонеси бр.26-110/6122/2 од 28.09.2017 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврдата број 05-064616/17-0002 од 04.10.2017 година издадена од Царинската управа на Република Македонија, се констатира дека трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци, придонеси за задолжително социјално осигурување и царини.

Од доставените 53 уверенија за техничка исправност на автоматите издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „ТИКСОН ГРУП“ ДООЕЛ Скопје се утврди дека поставените автомати во автомат клубот се технички исправни.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во автомат клуб, што произлегува од доставените правила за игри на среќа на автомати донесени од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје кои се во согласност со член 92 став (1) и (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16) – во понатамошниот текст Законот.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, без оглед на тоа дали тие се сместени во една или повеќе деловни простории на приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, така што системот обезбедува точни податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Од доставеното мислење бр.21-254/11 од 13.12.2013 година од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје е официјално поврзано на системот на размена на податоци помеѓу НИС системот на автомат клубот со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје.

Според член 2 точка 23) од Законот, игри на среќа во автомат клуб се игри кои се приредуваат на автомати, електронски рулети и други апарати со

повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер") и на системот на автоматите кој подразбира поврзување на поголем број автомати поради формирање на единствен џек пот со исти и истовремени можности на сите учесници во играта. Според точка 24) од истиот член, автомати за игри на среќа со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер") се механички, електронски или слични уреди на кои учесниците во игрите на среќа со уплата на одреден износ (жетон, метални пари или непосредна уплата на благајна, односно на автоматот) имаат можност за добивка.

Согласно член 25 став (1) точка 1) од Законот, Министерството за финансии постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри.

Во согласност со член 87 став (1), лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за период од шест години, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 10 став (1), трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно, Владата на Република Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 87 став (2), а во врска со член 11 од Законот, за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб се плаќа надоместок во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа не го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб, согласно член 90 став 1 од Законот, за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во автомат клуб, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, за секој автомат за игри на среќа поставен во автомат клубот. Доколку приредувачот не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 8 и 9 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 94 став 1 и 2 од Законот, за приредување игри на среќа во автомат клуб приредувачот на игри на среќа во автомат клуб се плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа, поради што се одлучи како во точката 10 од диспозитивот на оваа лиценца. Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, на месечна основа, за финансирање на спортот плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Агенцијата за млади и спорт и за финансирање на здравствената заштита плаќа посебна давачка во висина од 1,5% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот на сметка на Министерството за здравство, поради што се одлучи како во точката 11 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 12 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на тоа што Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

**Бр. 44-7098/1**
**28 ноември 2017 година**
**Скопје**

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

м-р Радмила Шекеринска-Јанковска